РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕМИР КАПИЈА
"СОВЕТ НА ОПШТИНАТА"
Бр. 08-914/15
26.12.2025 год.
ДЕМИР КАПИЈА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.202/24), член 14 точка 4 а во врска со член 60 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21, 253/23, 224/24 и 135/25), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 26.12.2025 година, ја донесе следната

# ПРОГРАМА

За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2026 година

## I. ВОВЕД

На подрачјето на општина Демир Капија локалната патна мрежа е во должина од 39,9 км.

Постоечките локални патни правци се следните:

| Патен правец | Должина км | Ширина м | Состојба |
|---|---|---|---|
| Демир Капија - Дрен | 7,0 | 4,0 | Асфалтиран |
| Чифлик -Драчевица | 6,5 | 3.0 | Земјен |
| Корешница -Челевец | 5,4 | 3,0 | Земјен |
| | | 2,0 | Асфалтиран |
| М1 - Прждево | 4,0 | 4.0 | Асфалтиран |
| Прждево - Бесвица | 4,5 | 3.0 | Земјен |
| Дрен -Копришница | 4,5 | 4,0 | Земјен |
| Челевец-Иберли -Кошарка | 5,7 | 4,0 | Земјен |
| Р 1102 - Клисура | 2,3 | 3.5 | Асфалтиран |

## II. ПРИХОДИ

Во 2026 година за изградба на локални патишта и улици се планира да се остварат средства во висина од 37.936.642,00 денари и тоа по извори:

- ЈП за државни патишта ............................................... 1.743.376,00 ден.
- Буџет на општина ............................................................ 13.561.266,00 ден.
- Министерство за транспорт ............................................ 12.012.000,00 ден.
- Министерство за локална самоуправа .............................. 10.620.000,00 ден.

## III. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА

Од средствата добиени во 2026 година од ЈП за државни патишта се предвидува тековно и зимско одржување на локалните патишта и улици.

За изградба (реконструкција) на локални патишта и улици се предвидени средства кои се планираат да се добијат од: ЈП за државни патишта, Буџет на Општина Демир Капија, Министерство за транспорт и Министерство за локална самоуправа. Со обезбедување на средствата за изградба и реконструкција на одреден локален патен правец и улици во рамките на објективните можности ќе се пристапи кон реализација на објектот

## IV. ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ

Најголем дел од средствата ќе се искористат за реконструкција на дел од локални патишта и улици кои се утврдени како приоритетни во град Демир Капија и населените места и за тековно и зимско одржување на локалните патишта и улици.

Избраниот изведувач спрема расположивите средства (луѓе и механизација) заедно со надлежниот орган на општината ќе ја утврдат динамиката на работа.

**ОБЕМ НА РАБОТИТЕ**

| Назив на улици | Единецна мерка | Вид и обем на работите | вредност |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на дел од локален пат Корешница - Челевец од стационажа км 0+000,00 до КМ 0+875,00 | 875 м | Градежно работи | 10.620.000,00 ден. |
| Реконструкција на дел од ул.11 Октомври во Демир Капија | 200м | Градежни работи | 5.900.000,00 ден. |
| Реконструкција на ул. Радњанска крак (поврзување со ул.Маршал Тито) во Д.Капија | 150 м | Градежно работи | 3.600.000,00 ден. |
| Реконструкција на ул. 8 Март (поврзување со обиколница) Д.Капија | 120 м | Градежно работи | 2.512.000,00 ден. |
| Реконструкција на ул. Маршал Тито крак во Демир Капија | 45 м | Градежно работи | 590.000,00 ден. |
| Реконструкција на ул.Димитар Влахов Д.Капија | 340 м | Градежно работи | 3.191.923,00 ден. |
| Реконструкција на ул.4 Јули Д.Капија | 116 м | Градежно работи | 1.358.858,00 ден. |
| Реконструкција на ул.Борис Кидрич Д.Капија | 101 м | Градежно работи | 1.793.861,00 ден. |
| Реконструкција на ул.во с.Корешница | 200 м | Градежно работи | 2.100.000,00 ден. |
| Уредување на пешачки површини | 1000 м2 | | 2.000.000,00 ден. |
| Уредување на паркинг простори | 2200 м2 | Градежни работи | 2.500.000,00 ден. |
| Тековно и зимско одржување | | | 1.770.000,00 ден |
| | | | **37.936.642,00 ден** |

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Совет на општина Демир Капија
Претседател,
Мирјана Јаневски